Зоран НАЦЕВ

**УДК: 3.001.73(497.7):327.51(1-622)**

# СТРАТЕГИСКО-СОДРЖИНСКИ АСПЕКТИ НА ДОБЛИЖУВАЊЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА ВО НАТО И ВО ЕУ

**Кратка содржина**

*Структурата и содржината на трудот е концитирана така да овозможува, преку разработка на одделни настани, процеси и активности, следење на процесот на доближувањето на Р. Македонија до НАТО и да ЕУ, од осамостојувањето до денес. Притоа, потенцирани се клучни ставови, определби и цели, како и степенот на нивното остварување во последните неколку години, суштествени за тој процес. Од методолошки причини, одвоено ги разработуваме аспектите врзани за НАТО и за ЕУ, низ призма на разработка на клучните политичко-доктринарни и стратегиски документи на државата. Посебен акцент е ставен на анализата на моменталната состојба во овој домен, проследено со соодветни видувања и оценки за оствареното и за очекувањата.*

***Клучни зборови:*** *НАТО, ЕУ, ДОБЛИЖУВАЊЕ, СТАНДАРДИ, ПРИСТАП.*

## Вовед

Завршувањето на периодот на студената војна и распадот на реалсоцијализмот кон крајот на 80-тите години на минатиот век, предизвика тектонски промени на европскиот континент и на глобален меѓународен план. Со дезинтеграцијата на поранешната југословенска федерација, проследено со воени судири во одделни нејзини републики, ја доведоа Р. Македонија во многу деликатна позиција по осамостојувањето. Нашите доминантни напори во тој период беа насочени кон зачувување на штотуку стекнатата независноста и државност преку одбегнување на инволвирањето во воениот виор кој беснееше во непосредното соседство. Но, напоредо со тоа, се оформуваа и клучни државно-политички приоритети на надворешен и на безбедносен план во

новосоздадените услови и состојби. Како релативно мала земја, без излез на море, со суптилна географска и геополитичка положба, изборот на оријентацијата се сведуваше на само една опција – доближување и интегрирање во евроатлантската структура (НАТО и ЕУ), наспроти некои пласирани големодржавни визии, врзани за иднината на Р. Македонија. Во реализирањето на спомнатите проектирани цели, вложивме речиси петнаесет транзициони години, исполнети со редица сложени предизвици од секој аспект. Но, сепак, нашата оријентација кон евроатлантските структури не ја менувавме во ниту еден период од изминатите години. Напротив, упорно ја туркавме низ сопствени и наметнати лавиринти, за денес, со висок степен на реален оптимизам, да очекуваме наскоро да станеме дел од семејството на НАТО и на Европската унија.

Содржините што следат се во функција на поткрепа на искажаната констатација.

### 1. Република Македонија кон НАТО

Како што веќе спомнавме во воведна белешка, во почетокот на 90-тите години, кај државното раководство на земјата преовладуваше сознанието дека само НАТО може успешно да ѝ обезбеди одбрана на државата од надворешни закани, за што постоеше целосен консензус помеѓу политичките партии и поддршката од граѓаните.

Резултат од оваа определба беше усвојувањето на одлуката на македонското Собрание за влегување на Р. Македонија во членството на Северноатлантската договорна организација – НАТО, во декември 1993 год. Прв практичен чекор во насока на доближување во алијансата беше пристапувањето на Македонија во програмата Партнерство за мир (ПзМ) во ноември 1995 год. со што се формализираа односите меѓу нашата земја и НАТО. Непосредно потоа, до НАТО ги доставивме двата основни Презентациони документи: Основни принципи на безбедносната политика и Основни принципи на одбраната на земјата. Инаку, суштината на Иницијативата ПзМ е во тоа што таа нуди програма за трансформација на одбранбените системи на партнерите, компактибилни со оние на алијансата. Следната година (1996), бевме примени во полноправно членство во Северноатлантскиот совет

за соработка (NACC) кој, во 1997 год. се трансформираше во Евроатлантски партнерски совет (ЕАПС). Тоа е тело во кое, покрај сојузниците, членуваат и сите земји од програмата ПзМ, во чии рамки се обезбедуваат редовни консултации и соработка по низа политички и безбедносни прашања. Соработката во воено-одбранбената сфера се одвиваше, пред сè, преку вклучување на Македонија во НАТО процесот за планирање и анализа (ПАРП), во реализацијата на индивидуалната партнерска програма (ИПП) во рамките на ПзМ, како начин за зголемување на интероперабилноста на нашите вооружени сили.* Во мај 1996 год. Р. Македонија потпиша Договор меѓу државите учеснички во ПзМ во врска со статусот на нивните сили – СОФА.

Натамошен чекор во правец на нашата интеграција во НАТО беа мерките кои ги презеде Владата, на структурен план. Имено, формиран е Комитет за евроатлански интеграции, под претседателство на примиерот. Собранието презеде слични чекори со создавањето на Комисија за европски и евроатлантски интеграции.

Министерствата за надворешни работи и за одбрана извршија одделни организациони приспособувања за да можат да одговорат на сè поголемиот дијапазон на прашања врзани за евроатлантските интегративни ангажмани.

Во 1998 год. беше донесена „Стратегија за одбрана на Р. Македонија“[1] и „Белата книга“ за одбраната, како и „Стратегија за интеграција на Р. Македонија во НАТО“[2] која повеќе се задржува на надворешнополитичката димензија на приближувањето кон НАТО.

Заради операционализацијата на активностите на планот на натамошното продлабочување на односите со НАТО, беше изработена Годишната програма за членство во алијансата* (1998/99) како основен инструмент според чии решенија ќе се водат процесите на трансформацијата.

Само за потсетување, во 2000 год. беше донесен новиот Закон за одбрана (дополнет и изменет во 2002 год.) а нешто подоцна и Закон за служба во АРМ.

---

* Програмите ПАРП и ИПП и денес се актуелни и важечки.

[1] Види Службен весник на Р. Македонија бр. 45/1998 г.

[2] Види Службен весник на Р. Македонија бр. 51/1998 г.

* Во подготовка е најновата, седма по ред, Годишна програма (2005/2006).

Условно земено, со самиот почеток на новиот милениум, беше изоден нужниот пат кон НАТО во смисла на создавање темелни основи и претпоставки за трансформацијата на одбраната и АРМ, но и на други области битни за прием. Следат сепак оние најсуштествени чекори оформени и презентирани во „Националната концепција за безбедност" и во „Стратегискиот одбранбен преглед-политичка рамка" донесени во средината на 2003 год. Со овие документи и со оние кои произлегоа од нив, создадени се нужни и потребни предиспозиции за профилирање на националната безбедност и одбрана и за нејзино вклопување во наднационалните интегративни проекции, олицетворени во НАТО и во ЕУ. Односно, искажаните ставови, определби и решенија не ја преферираат националната исклучителност во овој домен, туку ја трансформираат и ја вклопуваат во еден заеднички модел со партнерите и со сојузниците. Од нив, како базични документи, се тргна во забрзана трансформација кон создавање на потребниот безбедносен стандард во Р. Македонија и кон финално имплементирање на проекциите за влез во НАТО. Дека тоа е навистина така говорат следниве содржини од посочените доктринарно-стратегиски документи кои се оформени, усвоени и интензивно се имплементираат во одбраната и Армијата, со цел главните работи да завршат до 2007 год., а моделот целосно да биде заокружен до 2013 год.

Како прво, јасно се утврдени мисиите на одбраната на Р. Македонија:

1. одбрана на земјата;
2. операции за поддршка на мирот и хуманитарна помош;
3. придонес во справување со регионални конфликти и кризи;
4. заштита на пошироките интереси на Р. Македонија.

Во рамките на спроведувањето на мисијата „**одбрана на земјата**", определени се следните задачи:

- одбрана и заштита на територијалниот интегритет и независноста на Р. Македонија;
- поддршка на силите на Министерството за внатрешни работи во справувањето со закани, ризици и опасности по безбедноста на Македонија, а кои ги надминуваат нивните способности и капацитети;

- поддршка на органите на државната власт, единиците на локалната самоуправа и други владини и невладини организации и институции, како и на граѓаните во справувањето со природните непогоди и епидемии, техничко-технолошки и др. несреќи;
- изведување на операции и воена поддршка како земја домаќин на меѓународни сили на територијата на Р. Македонија за извршување задачи и обврски кои ги преземала Македонија, вклучувајќи и заедничка одбрана на територијалниот интегритет и суверенитет на земјата.

Воените задачи на мисијата „**операции за поддршка на мирот и хуманитарната помош**" опфаќаат учество со декларирани сили во операции за поддршка на мирот, превенција на конфликти или асистенција во хуманитарната помош, предводени од НАТО, ООН, ОБСЕ, ЕУ и од други договорни сојузи.

Како основна задача на мисијата „**придонес во справување со регионални конфликти и кризи**", предвидено е учество и декларирани сили во справување со регионални конфликти и кризи во операции во состав и/или предводени од НАТО, ООН, ОБСЕ, ЕУ и од др. меѓународни договорни сојузи.

Во однос на мисијата „**заштита на пошироките интереси на Р. Македонија**", утврдени се следниве воени задачи : (1) воено-дипломатска поддршка и соработка во промоција на интересите на Р. Македонија; (2) учество во вежби, на конференции, состаноци и други форми на соработка во функција на градење на доверба и унапредување на регионалниот и глобалниот мир и стабилност; (3) достигнување на целосна интероперативност и интероперабилност со Алијансата, во сите области и на сите функции и задачи на одбраната и Алијансата; (4) учество во спроведувањето на меѓународни конвенции и договори за контрола на вооружувањето и нераспространувањето на оружје за масовно уништување и мерки за изградба на доверба и безбедност.

Врз основа на мисиите, извршена е процена на силите потребни за нивно извршување, на нивната опременост, на потребната поддршка, односно оформен е модел на потребните сили со цена на чинењето на истите. Потоа е направена проекција на идната структура на Министерството за одбрана, на Генералштабот и на командите на Армијата, утврден е бројот на вкупниот персонал,

нивното опремување, обуката и одржувањето на декларираните сили за ангажман надвор од територијата на земјата. Утврден е буџетот за сите овие елементи како и начинот и динамика на достигнувањето на застапеноста на припадниците на заедниците, нужната редукција на персоналот, конверзијата на имотот и ослободувањето од несуштинските дејности. Всушност, спомнатото, како и некои други елементи, се сублимирани во документот „Програма за трансформација на одбраната и Армијата" донесена од страна на Владата, во мај 2004 год.

Во контекст на вкупните напори за доближување кон НАТО, беа донесени и два битни закони од областа на цивилната одбрана и тоа: Закон за заштитата и спасување (мај 2004)[3] и Закон за кризен менаџмент (мај 2005).

Изложеното и другите аспекти врзани за трансформацијата на одбраната и на АРМ, по однос на постигнатите резултати и на она што нужно ќе произлезе во натамошниот период, високо се оценети од страна на Алијансата, што дава реална основа за оптимизам дека, во следниот круг на проширувањето, ќе бидеме поканети во Северноатланската организација.

## 2. Република Македонија кон Европската унија

Стремежот да се стекне статусот на кандидат за членство во ЕУ беше поткрепено со фактот дека Р. Македонија е европска држава која, историски, културно цивилизациски и во однос на вредносниот систем ѝ припаѓа на Европа. Се разбира дека сè имаа предвид и придобивките кои се очекуваат од зачленувањето на политички, економски, безбедносен, социјален, културен и на др. план. Но желбата, интересот и самиот приод кон ЕУ, во самиот почеток, наиде на пречки. Имено, за разлика од другите новосоздадени демократии во земји од Централна, Источна и Југоисточна Европа, процесот на доближување кон Унијата беше забавен од задоцнетото признавање на Македонија како независна држава (1993 г.) поради наметнатиот спор со името на нашата земја. Впрочем, по потпишувањето на времената спогодба со Р. Грција, се отвори патот за воспоставување дипломатски односи меѓу Р. Македонија и ЕУ, што се случи во декември 1995 г. Во еден кус хронолошки преглед кој следи ги посочуваме најважните настани

[3] Службен весник на Р. Македонија бр. 36/2004 г.

врзани за нашето приближување кон Унијата. Така, во февруари 1996 г., постојаната мисија на Македонија во Брисел е подигната на амбасадорско ниво. Потоа, истата година во месец март, станавме полноправна членка на ФАРЕ-програмата, со што се остварија можностите да се користат финансиски фондови на ЕУ за структурни промени и за забрзување на реформите во земјата. Следи потпишување на Спогодбата за соработка во областа на транспортот и финансиите (1998 г.). Во февруари 1998 г., Собранието на Р. Македонија донесува Декларација за развој на односите со ЕУ, со која се потврдува политичкиот консензус за членство во ЕУ. Како пресвртен момент за Македонија, во односите со Унијата, се смета потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) во 2001 г., документ кој преставува основна рамка за соработка. Р. Македонија беше прва земја од регионот со која се склучи Спогодбата која, по процесот на ратификацијата од страна членките на Унијата, влезе на сила на 1 април 2004 г. Таа, по својата содржина е поинаква во однос на европските договори што ги потпишаа земјите кои добија покана за членство. Една од позначајните активности поврзани со доближувањето кон ЕУ беше и нашето вклучување во програмата КАРДС* за периодот од 2002 до 2006 г. Барањето за членство во ЕУ, Р. Македонија го предаде во март 2004 г. (Даблин) за време на ирското претседателство со Унијата, со што ја потврдивме својата стратегиска определба за пристапување кон европското семејство. До крајот на тековната година, се очекува оценката и ставот на европската Комисија по однос на доставените одговори по Прашалникот. Од страна на Владата, изработена е „Националната стратегија за интеграција на Р. Македонија" во ЕУ (2004 г.) во која се поставени основните цели, насоки и приоритети во процесот на стекнувањето на членството во Унијата.

Но, гледано од повеќе аспекти, клучен настан во развојот на македонската државност и на демократијата, како и на односите со ЕУ беше конфликтот од 2001 год. Како што е познато, со Рамковниот договор се надмина етничкиот конфликт и се напра-

* КАРДС е предприемна финансиска програма на ЕУ, наменета за земјите од Западен Балкан. Во подготовка е еден нов и единствен финансиски инструмент т.е. Програма за помош ИПА (инструмент за предприемна помош) за период од 2007 до 2013 г., во вкупна вредност од 13 милијарди евра, наменети за петте земји од Западен Балкан и Турција. Сè уште не е познато колку средства ќе ѝ бидат доделени на Р. Македонија.

вија значајни измени во Уставниот поредок на Р. Македонија. Тој стана врвен политички приоритет за Македонија*, а спроведувањето на концептот за правата на националните малцинства, како неодминлив услов за влез во ЕУ. Всушност, Охридскиот договор и од него произлезените Уставни измени, како и Спогодбата за стабилизација и асоцијација, преставуваат поинакви предиспозиции во однос на дотогашните основи. Во контекст на новата ситуација, во текот на 2003 г. беа направени и суштински потези во еден од најосетливите сектори – внатрешни работи, во сообразност на спомнатата платформа. Имено, утврдени беа насоките на реформските зафати во полицијата формулирани во низата донесени стратешки документи чија имплементација е во тек. А тоа се: Стратегија за реформи на полицијата; Мерки насочени кон конкретна акција против организираниот криминал; Стратегија за интегрирано гранично управување; Акционен план за миграција и азил; Национална програма за борба против трговија со луѓе и илегална миграција и др.

Општа интенција е да се зајакне соработката, координацијата и размената на податоци меѓу сите инволвирани институции (јавното обвинителство, полицијата, дирекцијата за спречување на перење пари, финансиската полиција, царинската управа, армијата) во справувањето со безбедносни предизвици од различен вид. Подобрената општа безбедносна состојба во земјата е индикатор дека досегашните промени, потпомогнати од ЕУ, во овој дел даваат резултати.

Значи, гледано од институционален аспект, односите на Р. Македонија и ЕУ се раководат од Спогодбата за стабилизација и асоцијација која преставува комплексен правно-обврзувачки акт кој на политички план ја става Македонија во редот на потенцијалните членки на Унијата и овозможува постапно усогласување на соодветни политики, на законодавството и на институциите во Р. Македонија кон вредностите и стандардите на Унијата. Покрај тоа, преку континуиран политички дијалог во рамките на ССА, регионалната соработка и други активности на надворешната и на безбедносната политика, Македонија настојува да обезбеди континуирано приближување и усогласување на своите активности со заедничката надворешна и безбедносна политика на Унијата.

---

* Се спроведува согласно со Планот за имплементација, донесен во 2003 г.

### *2.1. Интенциите и суштината на заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ и определбите на Р. Македонија*

Концептот за заедничка надворешна и безбедносна политика (ЗНБМ) на ЕУза прв пат беше воведен во 1993 (Мастрихт). Истиот беше детално ревидиран со Договорот во Амстердам (1997), а по ратификацијата, влезе во сила во 1999 г. ЗНБП е институционална рамка за консултации и за заземање заеднички позиции и заедничка акција на европската надворешна и безбедносна политика.

Основни цели на ЗНБП, која е во процес на постојано развивање, се:

- да се зачуваат заедничките вредности, фундаменталните интереси, независноста и интегритетот на Унијата, во согласност со принципите на Обединетите нации;
- да се зајакне безбедноста на Унијата на сите начини;
- да се зачува мирот и да се зајакне меѓународната сигурност, согласно со принципите на Хелсиншкиот и целите на Парискиот акт, вклучително и оние за надворешните граници;
- да промовира меѓународна соработка;
- да се развие и консолидира демократијата и владеењето на правото, како и почитување на човековите права и основните слободи.

Во остварувањето на ЗНБП, се користи широк спектар на инструменти во областа на кризниот менаџмент и превенцијата на конфликти, вклучително и воени операции.

Во военото ангажирање на ЕУ, таа ги користи силите и капацитетите на НАТО. Односно, со цел да се одбегне дуплирање на капацитетите, алијансата може да ги издвои и да ги „позајми“ на ЕУ своите воени средства, но тие и натаму остануваат, во извесна смисла, сопственост на НАТО. Значи, станува збор за користење на разделиви, но не и одвоени сили* и капацитети на НАТО за операции предводени од ЕУ во ситуации кога не е потребно ангажирање на целата Алијанса. Првата воена мисија под назив

---

* Станува збор за околу 60.000 воен персонал, но тоа не е посебна армија на ЕУ.

Конкордија, предводена од ЕУ, беше остварена во Р. Македонија, во 2003 г., што претставуваше витален тест за развој на воените операции на ЕУ, поддржани од НАТО.

Нашиот однос кон ЗНБП, односно заедничката безбедност и одбраната на ЕУ, на политичко-стратегиско ниво, е дека ги прифаќаме основните принципи и цели на ЗНБП* и сме подготвени истите да ги вградиме во целокупните активности во периодот пред влегување како и потоа. Односно, Р. Македонија ќе ги усогласува сите свои надворешнополитички и безбедносни активности, согласно определбите и одлуките на ЕУ, а по зачленувањето, согласно со европскиот Устав и со воспоставената практика на полето на ЗНБП. Тоа подразбира дека Македонија ќе се воздржува од секоја активност што е во спротивност со интересите со Унијата или може да ја наруши нејзината ефикасност како кохезивна сила во меѓународните односи.

Остварувањето на ЗНБП на ЕУ пред зачленувањето на Р. Македонија ќе се спроведува во согласност со одлуките на Министерскиот совет и на други европски институции, преку постојани консултации и договарања со Унијата. Ова подразбира и соодветно имплементирање на активностите и на позициите на ЗНБП, преку надлежните институции на Македонија задолжени за креирање и спроведување на надворешната и безбедносната политика.

Во спроведувањето на ЗНБП, односно заедничката одбрана на ЕУ, Р. Македонија, како аспирант за членство во Унијата а, најверојатно, наскоро и членка на НАТО, ќе учествува со декларирани сили во операции за поддржување на мирот (во сите негови димензии), во превенција на конфликти, како и во справувањето со регионални конфликти и кризи во операции предводени од ЕУ. Во завршна фаза се подготовките на дел од силите на АРМ (во јачина од еден баталјон) за спроведување на тие задачи, со цел, до 2007 год., да бидат комплетно способни за оперативна употреба. Како што веќе спомнавме, интегрален дел од ЗНБП претставува заедничка безбедносна и одбранбена политика (ЗНБП) на ЕУ чие создавање се смета за долгорочна амбиција на Унијата, со крајна цел ЕУ да стане глобален „играч“ на меѓународна сцена во еден мултиполарен свет[4].

---

* Пошироко, види во Националната стратегија на Р. Македонија за интеграција во ЕУ.

[4] За ова види пошироко во A SECURE EUROPE IN A BETTER WORLD. EUROPEAN SECURITY STRATEGY, Brussels, December 2003.

Р. Македонија себеси се гледа како дел од таа заедничка одбранбена политика, поткрепена со адекватни воени доктрини и инструменти. За ова подготвува пропорционален капацитет на цивилни и воени средства за учество во мисии надвор од својата територија. Спектарот на мисии опфаќа спроведување на заеднички операции на разоружување, хуманитарни и спасувачки акции, воена помош, превенција на конфликти и операции за зачувување на мирот, учество во заеднички сили во кризни ситуации, вклучително изградба на мир и постконфликтна стабилизација.

## Заклучок

Доближување на Р. Македонија до стандардите на НАТО и на ЕУ, со крајна цел влегување во семејството на овие организации, се остварува речиси десет години. Интезитетот и постигањето на овој план во одделни сегменти на општественото живеење се одвиваше со варијабилни динамики и успеси. Постоеја, редица околности, од објективна и субјективна природа кои го забавуваа овој процес, при што дел од нив сè уште се присутни. Гледано во општ контекст, добар дел од ставовите, определбите, насоките и целите се во фаза на имплементирање. Притоа, нешто понапред сме кога е во прашање НАТО, иако и по однос на аспирациите за членство во ЕУ работите се доста забрзани. Навидум се работи за два паралелни процеси со различни активности, но, во суштина, тие се меѓусебно поврзани а во некој делови условени и компатибилни. Имено, за членство во Алијансата, во крајна линија, не е доволно само да се приспособи безбедносниот и одбранбениот сектор туку и внатрешната политика, економијата, правдата, финансиите и др.

Периодот по конфликтот од 2001 год. може да се окарактеризира како фаза на посуштинска и подлабока трансформација во однос на внатрешната политика, со соодветни импликации и во други области, а особено во делот на малцинските права. Безбедносната стабилизација, постепеното вградување на одредбите од Рамковниот договор, овозможија креирање на нова платформа во приодот кон НАТО и кон ЕУ. Досегашните резултати наидуваат на одобрување од надвор, но е проследена со предупредување дека процесите не се завршени.

Безбедноста е услов за развој, членството во НАТО го овозможува тоа а влегувањето во семејството на Унијата, покрај тоа, нуди поширока рамка за општ напредок. Од нас самите најмногу ќе зависи дали наскоро ќе излеземе од долгиот период на транзиција и ќе го стекнеме потребниот статус во евроатлантските интеграции.

(Рецезент: *проф. д-р. Лидија Георгиева)*

## ЛИТЕРАТУРА

Brzezinski. Z., THE CHOISE: Global Domination or Global Leadership, Basic Books, New York, 2004.

Ка царству добра или апокалипси – Pro et contra , избрани текстови, Филип Вишнић, Београд, 2003.

Славевски, С., Националната безбедност на Република Македонија и евроатлантските интеграции, Диги принт, Скопје, 2003.

Самарџић С., Европска унија као модел наднационалне заједнице, Институт за европске студије, Београд, 1998.

Прирачник за НАТО, Брисел, 2001.

Стратегија за национална безбедност и одбрана , Службен весник на Р. Македонија бр. 45/1998.

Стратегиски одбранбен преглед – политичка рамка Скопје, 2003.

Национална стратегија на Р. Македонија за интеграција во ЕУ, (2004).

Стратегија за интеграција на Р. Македонија во НАТО, Службен весник на Р. Македонија, бр. 51/1998.

Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана на Р. Македонија, бр. 10/2004.

Zoran NACEV

# STRATEGICAL CONTAINING ASPECTS ABOUT THE APPROACHING OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA TO NATO AND EU


## Abstract

*The structure and the content of paper has such concept that is enables the development of certain events, processes and activities to follow the approaching of the Republic of Macedonia to NATO and the EU from the independence until now.*

*In that way, some key postures, determinations and goals, as well as the level of their accomplishment have been stressed in the last few years, which are basic to that process. Due to methodological reasons, we work distinctly on aspects related to the NATO and the EU through the prism of working out the key practical doctrinal and strategically state documents. The analysis of the present condition in this domain has been particularly stressed, followed through adequate aspects and marks for the accomplishments and the expectations.*


***Keywords:*** *NATO, EU, APPROACH, STANDARDS, ACCESS.*